**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mke-mail:kzk@kzk.gov.mk**

Уп. бр. 08-162

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од страна на НЛБ Склади – Зелени преход I А, наменска дружба за наложбе, д.о.о.Тиволска цеста 48, 1000 Љубљана, Словенија, доставено преку Адвокатско Друштво Кнезовиќ и соработници од Скопје, на седницата одржана на ден 11.12.2025 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се утврдува концентрацијата која се однесува на стекнувањето на единствена контрола од страна на НЛБ Склади – Зелени преход I А, наменска дружба за наложбе, д.о.о.Тиволска цеста 48, 1000 Љубљана, Словенија, над: Солверв, сончеви електрани д.о.о., Америшка улица 8, 1000 Љубљана, Словенија, Зелена струја д.о.о. за производство на електрична енергија, Барутански брег 27, 10000 Загреб, Хрватска, и РЕС СПВ ЦЗ с.р.о., Плинарни 1617/10, Холешовице, 170 00 Прага, Република Чешка, како и преземање на енергетските проекти и тоа: Проект ПЛУ, во сопственост и моментално се развива од РЕСАЛТА ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЕНЕРГЕТСКИ УСЛУГИ д.о.о., Америшка улица 8, 1000 Љубљана, Словенија, Проект ГХ Примус, во сопственост и моментално се развива од РЕС ЕРП, друштво за управување со енергетски услуги д.о.о., Америшка улица 8, 1000 Љубљана, Словенија, Проект ПВ Јутекс, во сопственост и моментално се развива од РЕС ЕРП, друштво за управување со енергетски услуги д.о.о., Америшка улица 8, 1000 Љубљана, Словенија, Проект Јутекс ХП, во сопственост и моментално се развива од РЕСАЛТА ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЕНЕРГЕТСКИ УСЛУГИ д.о.о., Америшка улица 8, 1000 Љубљана, Словенија и Проект ОТК, во сопственост и моментално се развива од Ресалта Чех Рипаблик с.р.о., Плинарни 1617/10, Холешовице, 170 00 Прага 7, Република Чешка иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден на 18.11.2025 година, и дополнето на 25.11.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација која се однесува на стекнувањето на единствена контрола од страна на НЛБ Склади – Зелени преход I A, наменска дружба за наложбе, д.о.о.Тиволска цеста 48, 1000 Љубљана, Словенија, над:

-Солверв, сончеви електрани д.о.о., Америшка улица 8, 1000 Љубљана, Словенија,

-Зелена струја д.о.о. за производство на електрична енергија, Барутански брег 27, 10000 Загреб, Хрватска, и

-РЕС СПВ ЦЗ с.р.о., Плинарни 1617/10, Холешовице, 170 00 Прага, Република Чешка, како и преземање на следните енергетски проекти:

1.Проект ПЛУ, во сопственост и моментално се развива од РЕСАЛТА ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЕНЕРГЕТСКИ УСЛУГИ д.о.о., Америшка улица 8, 1000 Љубљана, Словенија,

2,Проект ГХ Примус, во сопственост и моментално се развива од РЕС ЕРП, друштво за управување со енергетски услуги д.о.о., Америшка улица 8, 1000 Љубљана, Словенија,

3.Проект ПВ Јутекс, во сопственост и моментално се развива од РЕС ЕРП, друштво за управување со енергетски услуги д.о.о., Америшка улица 8, 1000 Љубљана, Словенија,

4.Проект Јутекс ХП, во сопственост и моментално се развива од РЕСАЛТА ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЕНЕРГЕТСКИ УСЛУГИ д.о.о., Америшка улица 8, 1000 Љубљана, Словенија,

5.Проект ПВ Хоче, во сопственост и моментално развиени од Солверв, сончеви електрани д.о.о. , Америшка улица 8, 1000 Љубљана, Словенија,

6.Проект ОТК, во сопственост и моментално се развива од Ресалта Чех Рипаблик с.р.о., Плинарни 1617/10, Холешовице, 170 00 Прага 7, Република Чешка и

7. Проект Ровињ, сопственост и моментално се развива од Зелена Струга д.о.о. за производство на електрична енергија, Барутански брег 27, 10000 Загреб, Хрватска

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mke-mail:kzk@kzk.gov.mk

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Целта на трансакцијата е да се купат сите или некои од 7-те проекти специфицирани во Рамковниот Договор за купопродажба на енергетски проекти. Оваа цел ќе се постигне преку купување на 4 друштва за посебни намени („ДПН“) (од кои 3 се веќе основани - Солверв, сончеви електрани д.о.о., Словенија, Зелена струја д.о.о. за производство на електрична енергија Хрватска и РЕС СПВ ЦЗ с.р.о., Чешка, а 1 ќе се основа во Словенија) преку проектите кои се активни или ќе им се префрлат преку трансфери на средства:

- Солверв, сончеви електрани д.о.о., Словенија го држи Проектот 5 (Проект ПВ Хоче), а Проектите 1, 2 и 4 (Проект ПЛУ, Проект ГХ Примус и Проект Јутекс ХП )ќе му бидат префрлени преку пренос на средства пред Затворањето,

- на Новото ДПН ќе му биде префрлен Проект 3 (Проект ПВ Јутекс ) преку раздвојување со основање и потоа Новото ДПН ќе биде пренесено на Солверв, сончеви електрани д.о.о.,, на РЕС СПВ ЦЗ с.р.о., Чешка ќе му биде префрлен Проект 6(Проект ОТК) преку пренос на средства и

- Зелена струја д.о.о. го работи Проектот 7( Проект Ровињ).

Регистриранатa дејност на НЛБ Склади – Зелени преход I A, наменска дружба за наложбе, д.о.о. е активности на холдинг компании.

НЛБ Склади – Зелени преход I A, наменска дружба за наложбе, д.о.о.е дел од НЛБ Групата, како што е објаснета подолу.

НЛБ Групата во Северна Македонија моментално има 3 поврзани друштва:

- НЛБ Банка АД Скопје со седиште на ул. Водњанска бр. 1 Скопје, со ЕМБС 4664531, со приоритетна дејност-друго монетарно посредување,
- Друштво за лизинг НЛБ ЛЕАСЕ&ГО ДОО Скопје со седиште на ул. Водњанска бр. 1 Скопје со ЕМБС 7628838, со приоритетна дејност финансиски лизинг, и
- Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови НЛБ Фондови АД Скопје со седиште на бул. Партизански одреди бр. 14А-1/2 Скопје со ЕМБС 6364578, со приоритетна дејност: дејности на управување со фондови.

Продавачите и соодветно Целните друштва (и проектите), се друштва за енергетски услуги (ESCO), активни во регионот на Централна и Источна Европа, особено во

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk**

Словенија, Хрватска, Чешка и Србија, каде што се водечки развивач на разни проекти за енергетска ефикасност и обновлива енергија.

Целните друштва (и проектите), пред Трансакцијата, се дел од РЕСАЛТА Групата.

Целните Друштва немаат поврзани субјекти регистрирани во Република Северна Македонија ниту имаат остварено промет во 2024 година на пазарот во Република Северна Македонија.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**